Врз основа на член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 , 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а согласно член 11, од Деловникот за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 11/11), член 12 од Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.17/22,18/22, 16/23 и 12/24) и Годишна програма за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес за 2024/2025 година бр. 25-3740/5 од 08.11.2024.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2024/2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2024/2025 година, согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес.

1.За студенти стипендијанти за учебната 2024/2025 година се избираат:

| | Студенти | Факултет |
|---|---|---|
| 1 | Кристина Ивановска | Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје |
| 2 | Филип Петров | Фармацевтски факултет -УКИМ Скопје |
| 3 | Тамара Коцевска | Медицински Факултет- УКИМ Скопје |
| 4 | Стојан Стојанов | Музичка академија -УГД Штип |
| 5 | Бојана Спасовска | Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје |

2.За ученици стипендијанти за учебната 2024/2025 година се избираат :

| | Ученици | Училиште |
|---|---|---|
| 1 | Марко Поптодоров | СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес |
| 2 | Кристијан Мартинов | СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес |
| 3 | Дора Пајдакова | ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј“ - Скопје |
| 4 | Василка Карталова | СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес |
| 5 | Марко Димовски | ДСУ РЦСОО Коле Неделковски |
| 6 | Панче Крстев | ПСУ „Јахја Кемал“ Скопје |
| 7 | Симона Ѓурова | ДСУ РЦСОО Коле Неделковски |
| 8 | Ана Бошкова | СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес |
| 9 | Андреја Нешов | ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес |
| 10 | Давид Николов | ДСУ РЦСОО Коле Неделковски |
| 11 | Јана Пљокова | СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес |
| 12 | Марија Ќириќ | ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес |
| 13 | Изабела Ѓурчиновски | СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес |
| 14 | Викторија Панзова | СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес |
| 15 | Лилјана Филипова | СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес |
| 16 | Моника Манаскова | ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес |
| 17 | Александра Чатмова | СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес |

| | | |
|---|---|---|
| 18 | Наумина Стоилковска | ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес |
| 19 | Ива Андоновска | ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес |
| 20 | Елена Наумова | ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес |
| 21 | Никола Спасев | ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес |
| 22 | Андреј Митковски | СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес |
| 23 | Дарко Жабев | ДСУ РЦСОО Коле Неделковски |
| 24 | Сара Арсеновска | СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес |
| 25 | Матеј Ѓорѓиев | СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес |
| 26 | Изабела Анѓелкова | ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес |
| 27 | Памела Миланова | СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес |
| 28 | Ана Тодорова | ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес |
| 29 | Мила Јовановска | СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес |
| 30 | Бојана Мицевска | СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес |
| 31 | Теодора Панова | СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес |

**Член 2**

Висината на стипендијата за талентираните ученици од член 1 на оваа Одлука изнесува 2.000,00 денари месечно, 9 (девет) месеци во текот на учебната 2024/2025 година.

Висината на стипендијата за талентираните студенти од член 1 на оваа Одлука изнесува 2.500,00 денари месечно, 9 (девет) месеци во текот на учебната 2024/2025 година.

**Член 3**

Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес и истите ќе се исплатат на два дела и тоа првиот дел (за месеците 10,11,12 2024 година) во оваа учебна година, а вториот дел во наредната учебна година (за месеците од јануари до јуни) за што со стипендијантите кои ги стипендираат ќе склучат договори.

Средствата од страна на донаторите ќе се исплатат на два дела и тоа првиот дел (за месеците 10,11,12 2024 година) во оваа учебна година, а вториот дел во наредната учебна година (за месеците од јануари до јуни) за што со стипендијантите кои ги стипендираат ќе склучат договори помеѓу стипендијантот, донаторот и Градоначалникот.

**Член 4**

Стипендијата ќе биде исплатена на посебна трансакциона сметка на секој корисник на стипендија, по потпишувањето на договорот.

**Член 5**

Извештајот на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес, согласно спроведениот Конкурс е составен дел на оваа Одлука.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето, во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 25-4986/23
13.12.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
-Градоначалник;
-Одделение за финансиски прашања;
-Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес;
-лицата и
-Списи и архива.